# Успешен наставен план и реализација

# Цели на наставниот план

- да ги мотивира и вклучи учениците помагајќи им да успеат
- да даде флексибилност за насочување на учењето кон поединецот, како и за создавање на наставен план кој одговара на локалните и поединечните потреби
- да овозможи глатко напредување во учењето

# Добра практика

- реализација преку партнерство
- спојување на општото и применетото учење
- креирање во соработка со индустрија
- учењето да се одвива во применет контекст
- проекти кои се базираат на вештини
- работно искуство

# Што се обидуваме да постигнеме за ученикот?

- да ги опфатиме целите на наставниот план
- да ги опфатиме државните цели за образование, но и локалните потреби
- да воспоставиме високи очекувања за сите, да ги прошириме хоризонтите и да ги зголемиме аспирациите
- да биде поткрепен со јасни и прифатени вредности.

# Како го организираме учењето со цел да го постигнеме ова?

- градиме врз искуствата на ученикот надвор од центарот за учење
- овозможуваме соодветни и значајни искуства за учениците во поглед на учењето, без оглед каде се здобиваат тие искуства
- обезбедуваме цел опсег на способности и аспирации на сите ученици
- препознаваме динамична врска меѓу содржината, педагогијата и оценувањето.

# Како ќе знаеме дека сме успешни?

Добро создадениот наставен план постојано се оценува и подобрува. Оценувањето ќе:

- се фокусира на влијанието на реализацијата, а не исклучиво на самата реализација
- вклучи широк опсег на показатели, кои ќе се однесуваат на сите аспекти од целите на наставниот план
- се потпре на широк опсег извори на докази, вклучувајќи ги учениците, родителите, негувателите и пошироката заедница.